ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 28 ДАТА 22.07.2015 ГОДИНА 33

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 28 ДАТА 22.07.2015 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- РЕШЕНИЈА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРИ ЗА СЕЗОНА 2015/2016

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

Седница од 16.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ШКЕНДИЈА АД" Тетово: Имери З. Агон од ФК "Арсими 1973" с. Челопек, по член 35/3.

Весељи Х. Енис, Беџети Б. Арѓент, Весели Ф. Илбер, Емини И. Луан, по член 35/1.

ФК "ДАРДАНЕТ" Тетово: Сулемани З. Рилинд, Дурмиши Б. Бленди, Емини А. Амар, Лазими А. Арбин, Аљија А. Абдурезак, Љума М. Енес, Јашари С. Адем, Љума С. Хадис, Зулфиу Ф. Уртан, по член 35/1.

ФК "РЕНОВА АД" с. Џепчиште: Кадри Б. Мухамед, по член 35/1.

*** Склучување на професионални договори:**

ФК "Ренова АД" с. Џепчиште и фудбалерите: Скендери Х. Лавдрим и Мустафи М. Саљадин, склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години до ЛПР 2017 година, до 14.06.2017 година.

ФК "Ренова АД" од С. Џепчиште и фудбалерот Мојсов Ѓорѓи и Мишковски Ненад склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година, до ЛПР 2016 година, до 14.06.2016 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Тетово фудбалерите: Абдулахи З. Фестим и Саити Н. Дурим од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, Ослоновски Ј. Владислав, Дробаров Л. Влатко и Начевски С. Драган од ФК "Тетекс АД" од Тетово, Хајредини С. Зули од ФК "Шкендија АД" од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Јербиќ Т. Јуре од НК "Задар" од Задар од Република Хрватска за ФК "Шкендија АД" од Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 2 (две) години до ЛПР 2017 година.

Седница од 20.07.2015 година

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Тетово, фудбалерите: Иљази Б. Лиридон и Јонузи М. Валмир од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, Незири З. Меџир од ФК "Ренова АД" од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација на територија на друг оФС.

Дополнување на документација од
Седница од 14.07.2015 година

*** Склучување на професионални договори:**

ФК "Шкендија АД" од Тетово и фудбалерите: Фетахи Ерсин и Лама Башким, склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 2 (две) години до Летен преоден рок 2017 година, до 14.06.2017 година.

ФК "Шкендија АД" од Тетово и фудбалерот Тотре Еннур склучија договор во времетраење од 4 (четири) години, до Летен преодерн рок 2019 година, до 14.06.2019 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

Седница од 20.07.2915 година

*** Склучување на професионални договори:**

ФК "Младост АД" од Царев Двор и фудбалерите: Коњарски Благојче, Каланоски Антонио и Вељаноски Наум склучија договори за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година, до Летен преоден рок 2016 година, до 14.06.2016 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

Седница од 06.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ДРАСЛАЈЦА" с. Драслајца: Балоски В. Тони од ФК "Иднина Боровец" од с. Боровец, по член 35/3.

Седница од 20.07.2015 година

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струга, фудбалерите: Ќелешоски К. Ивица, Цветков Б. Мартин од ФК "Караорман" од Струга и Ајдари Ш. Аријан од ФК "АСС Унитед" од Струга, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Регистрација на фудбалери:**

Не се објавува регистрацијата на Здружението на Фудбалската Академија "ИГМ 2015" с. Враништа, бидејќи е спортивно од член 3 од Правилникот за регистрација и трансвер на фудбалери на ФФМ.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "КИСЕЛА ВОДА" СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 21.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ЖФК "ДРАГОН 2014" Скопје: Колевска С. Драгана од ЖФК "Речица" Куманово, по член 35/3.

ФК "НОВО ЛИСИЧЕ Ф.К.Н.Л." Скопје: Димовски Д. Лука и Стојковски А. Бојан по член 35/1.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Стојановски Ј. Андреј од ФК "Мацари Солидарност 92" од Скопје за ФК "Ново Лисиче Ф.К.Н. Л." од Скопје, по член 35/3, бидејќи рокот на важноста на исписницата е истечен.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

Седница од 20.07.2015 гоидна

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ЕВРО ФУДБАЛ 2-ВАРДАР" Охрид: Спасеновски Љ. Бојан од ФК "Оск Фер плеј" од Охрид по чен 35/10.

ЖФК "БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ 2010" Охрид: Николоска М. Ивана, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ МАКЕДОНСКИ БРОД

Седница одржана на 03.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери**:

ФК "ТРЕСКА" Македонски Брод: Јорданоски Јордан, Кузманоски Даниел, Павлески Игор и Блажески Звонко, по член 35/1.

ФК "ПРОЛЕТЕР" Македонски Брод: Стојкоски П. Филип, по член 35/1.

ФК "ИЛИНДЕН" с. Сланско: Димоски Станко, Радески Марјан, Ристески Сашо, чл. 35/1.

ФК "МАКЕДОНСКИ БРОД 2003" Македонски Брод: Јадрески Д. Бобан, чл. 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Македонски Брод фудбалерката Димоска Теодора од ЖФК "Пореч" од Македонски Брод, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Терзиоски Н. Бобан од ФК "Пореч" од Македонски Брод за ФК "Македонски Брод 2003" од Македонски Брод, по член 35/3, бидејќи нема доставено исписниица од клубот од кој доаѓа.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Радески Влатко за ФК "Пролетер" од Македонски Брод по член 35/1, бидејќи не се познава матичниот број на фудбалерот на документот за идентификација.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

Седница од 20.07.2017 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БЕЛАСИЦА" Струмица: Ѓорѓиев К. Димитар, Тренчев Е. Павле од ФК "Академија Пандев" од Струмица, Лазаровски И. Роберт од ФК "Велазерими 77" од с. Врапчиште, по член 35/3.

*** Раскин на стипендиски договор:**

Фудбалскиот клуб "Беласица" од Струмица и фудбалерот Цонев Митко го раскинаа Стипендискиот договор, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струмица фудбалерите: Печевски Јованче и Коцев Стојче од ФК "Академија Пандев", Захов Костадин и Ѓорѓоев Дрган од ФК "Хоризонт Турново АД" од с. Турново, Цонев Митко и Ќосев Сашко од ФК "Беласица" од Струмица, Јанев Блаже И Донева Викторија од ЖФК "Тиверија" од Струмица, поради преминување во друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈЗ ВЕЛЕС

Седница од 20.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МАКЕДОНСКО СОНЦЕ' Велес: Темелков А. Благојче, Левков К. Димче,Алесков С. Благој, Јовановски Ѓ. Дарко, Ѓорѓиев Орце, Ушев Ј. Александар, Ставров Ѓ. Кристијан, по член 35/1.

Дамчевски М.Кристијан, Петровски Љ. Боше, Јаковелвски Т. Влатко, Марјан Т. Јаковлевски од ФК "Младост" од Велес, Наковски Љ. Дејан, Камчев К. Мартин, Ѓошев С. Светле, Пеливановиќ С. Мишо од ФК "Горски" Велес, Црвенов Ж. Роберт, Петров О. Костадин од ФК "Превалец" од Превалец, Филиповски С. Даниел, Нацев Т. Милан од ФК "Мартолци 2007" с. Мартолци, Јакимовски З. Дарко од ФК "Гемициии" од Велес, Димитриевски Б. Игор од ФК "Богомила" од с. Богомила, Илчевски Д. Александар од ФК "Илинден БС" од Башино Село и Печевски Т. Јованче од Академија Пандев" од Струмица, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

Седница од 21.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА" с. Миравци: Глигоров Љ. Ѓорѓи, Спасов Н. Митко, Насков И. Александар, Наков А. Никола, Наковски Л. Мартин, Стаменов Петар, Херцегоња Ф. Живко, Станков Ж. Ване, Чангулоски С. Методи, Горгиев Ј. Миле, Минофв Јакимовски С. Велимир, Шапов Ж. Јовче, Арабаџиев Т. Мите, Николов З. Влатко, по член 35/1.

Јанев З. Блаже од ФК "Василево" од с. Василево, по член 35/3.

ЖФК "СЦ ИСТАТОВ 2015" Нов Дојран: Чонева Радица, Јошева Џ. Зорица, Гогова П. Дејана, Каралашева Стефанија, по член 35/1.

Кралевска Ч. Ангела, Кралевска Д. Симона, Биневска С. Ивана од ЖФК "Речица" од с. Речица и Петровска Б. Елена од ЖФК "Младост Иднина" с. Оризари, по член 35/10.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фубалери при ОФС Гевгелија фудбалерите: Стамков Д. Мартин, Котески Г. Даниел, Сулев И. Стефан, Зајков М. Костадин и Лазаровски З. Даниел, поради преминување со регистрација во друг Општински фудбалски сојуз.

Дополнувањсе на седница од 21.07.2015 глдина

*** Регистрација на фудбалери:**

ЖФК "СЦ ИСТАТОВ 2015" Н.Дојран: Станковска Љ. Јулија, Пеева Ѓ. Михаела, Јовановиќ Г. Далиборка, Николова А. Елена, ЈовановиЌ Г. Ангела, Јефтимовска Н. Сања и Ѓорѓиева Р. Габриела, од ЖФК "СЦ Истатов" Нов Дојран, чл. 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 21.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "РАБОТНИЧКИ АД" Скопје: Мемиши Е. Енсар од ФК "Албион" Скопје, по чл. 35/3.

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Ристевски С. Нино, по член 35/1.

Стамков Д. Мартин од ФК "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, Крстески Ж. Дино од ФК "Перак" од Прилеп, пло член 35/3.

*** Склучување на стипендиски договори:**

Фудбалскиот клуб "Метлаург АД" Скопје и фудбалерите: Јовановски Д.Филип и Канзуров З. Петар, склучија стипендиски договори во времетраење од по 2 (две) години, до Летен преоден роик 2017 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз "Гази Баба" од Скопје, фудбалерот Даши Р. Неби од Фудбалскиот клуб "Шкендија" Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз. .

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

Седница од 20.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ" Гостивар: Маџоски Г. Рајко, Лиманоски А. Ајет, Пепоски Д. Владимир, Димоски М. Ивица, Пепоски Д. Димитар, Михајловски М. Бојан, Тофилоскии Ј. Здравко, Ристоски И. Живе, Дамјаноски З. Иво, Дерала Енес, Алиловски И. Милан, Бошковски С. Стефан, Спироски Г. Иван, Спироски Г. Бошко, Бошковски Мартин, Емро Р. Али, Исаиловски С. Драган, по член 35/1.

ФК "КФГ ГОСТИВАР АД" Гостивар: Менга Б. Бурак од ФК "Спартак Трнава" Република Словачка, по член 35/11.

Саити Н. Дурим, Иљази Б. Лиридон,. Абдулаху З. Фестим, Јонузи М. Ваљмир од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, Димов Т. Диме, Јашар А. Амир, Хасан А. Еретан од ФК "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, по член 35/1.

ФК "ФЛАМУРТАРИ" С. Дебреше: Елези А. Бесар и Хамити Р. Газменд од ФК "КФГ Гостивар АД" од Гостивар, по член 35/3.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери од Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, фудбалерот Имери З. Агон од Фудбалскиот клуб "Арсими 1973" с. Чегране, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

Седница од 16.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЛАДОСТ 2015" Куманово: Никола Б. Цветковиќ,Александар Д. Спасовски, Кристијан С. Арсовски, Горан Ѓорѓиевски, Владислав Д. Илиќ, Денис М. Манасијевиќ, Давор Л. Александровски, Далибор С. Стаменковски, Марко Б. Николиќ, Стефан М. Велковски, Слбодан Г. Ристиќ, Виктор И. Петковски, Далибор Давидовски, Давид Р. Димиќ, Далибор М. Митевски, Драган Т. Кузмановски, Срѓан С. Стаменковски, Драган С. Ѓоревски, по член 35/1.

Дарко Д. Стефановски, Методије Д. Илиќ, Стефан С. Смиљковиќ од ФК "Борец" од с. Горно Војнаре, Никица Д. Петрушевски, Виктор Б. Младеновски Далибор И. Јовановиќ, Бојан Ј. Стојмановиќ од ФК "Речица" од с. Речица, Младен Д. Петрушевски од ФК "Куманово Експорт" од Куманово, по член 35/3.

ФК "КАРПОШ 93" Куманово: Виктор Д. Алексиќ, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Куманово фудбалерот Ивановски А. Дамјан од Фудбалскиот клуб "Башкими 1947" од Куманово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

Седница од 21.07.2015 година

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ПЕЛИСТЕР АД" Битола: Димитриоски Д. Денис од ФК "Преспа" од Ресен, Додевски Г. Нинослав од ФК "Работнички АД" од Скопје, Трпески Д. Љупчо од ФК "Дебрца" од с. Белчишта, по член 35/3.

ФК "БУКОВО" с. Буково: Кузмановски Љ. Игор од ФК "Новаци 2005" с. Новаци, по член 35/3.

ФК "ФОРЦА СПОРТ" Битола: Селјанковски Б. Мартин, Јовановски И. Никола, Трифуновски С. Љупчо, Таневски З. Антонио, Марцевски Н. Антонио, Огненов Т. Христијан, Долевски Г. Јован, Бошевски Д. Теодор, по член 35/1.

*** Регистрација на фудбалска екипа:**

Се регистрира Женска фудбалска екипа ЖФК "Атлетико" од Битола, со Одлука на Управниот одбор на Фудбалскиот клуб "Атлетико" од Битола број 01-2015 од 10.07.2015 година, со седиште на улица "Струшка" број 28 Битола.

*** Промена на име на фудбалски клуб:**

Фудбалскиот клуб "Зелена Ливада" од с. Црно Буки го менува името во Фудбалски клуб "Црно Буки ЗЛ" од с. Црно Буки, согласно Решението од Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 5410894 од 25.06.2015 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Велковски В. Виктор, Распашкопвски В. Васко, Ристевски Б.Дарко и Станојевиќ В.Игор од ФК "Пелистер АД" од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбаолски сојуз.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Стојковски Б. Антонио од СВП "Фрешен 1920" од Германија и Лампевски М. Даниел од ФК "Моравац" од Орион, Република Србија, поради некомплетна документација - немање на сертификати и одобрение од Меѓународна Комисија на Фудбалската Федеација на Македонија.

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-2

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1127/1-3

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-4

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за Куп натпреварувањето за сениори за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за Куп натпреварувањето за сениори за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-5

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-6

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за КУП натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во КУП натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2015/16 година и согласно одредбите на Правилникот за натпревари одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-7

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 50 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојува Календарот за Прва МФЛ, Втора МФЛ и КУП натпреварување – сениори за натпреварувачката 2015/16 година
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година го разгледа предлог календарот за натпреварување за натпреварувачката 2015/16 година доставен од страна на Комисијата за натпревари на ФФМ . По утврдување дека календарот е во согласност со утврдените термини на УЕФА за меѓународно натпреварување донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-8

Управен одбор 2015 година

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година го донесе следниот:

О Д Л У К А

1. Се усвојува извештајот на кординаторот на натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за сезона 2014/15.

2. Се утврдува пласманот на петте најдобро пласирани репрезентации на ОФС како што следи:

1. ОФС Прилеп
2. ОФС Скопје
3. ОФС Битола
4. ОФС Пробиштип
5. ОФС Тетово

3. Да се исплати парична награда на петте најдобро пласирани репрезентации на ОФС согласно оваа одлука и Пропозициите за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС и тоа:

- за прво место во висина од 2500(двеилјадиипетстотини) евра
- за второ место во висина од 1500(илјадаипетстотини) евра
- за трето место во висина од 1000(илјада) евра
- за четврто место во висина од 500(петстотини) евра
- за петто место во висна од 250(двестапедесет) евра

4. Одлуката стапува на сила веднаш по донесувањето.

5. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 14.07.2015 година го разгледа и усвои извештајот на кординаторот на натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за сезона 2014/15-та.

По утврдување на пласманот на ОФС ,Управниот одбор донесе одлука и за исплата на парични награди на ОФС како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202- 1127/1-10

1102-24/11
07-07 5

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајки по барањето на Фудбалски клуб Тетекс АД, од Тетово, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-24/1 од 13.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб ТЕТЕКС АД, , со седиште на УЛ. Благоја Тоска бр.1 во Тетово, со ЕМБС 6807224 и ЕДБ 4028012518907
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ТЕТЕКС АД** Тетово
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот:

- Не ја уплати во целост котизацијата за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ до 15.07.2015 година.
- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории до 15.07.2015 година.

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето и приложената документација на Фудбалскиот клуб Тетекс АД за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба констатира дека клубот не го исполнил во целост финанскиот критериум согласно член 65 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/16..

Бидејќи еден од критериумите за добивање на лиценца е и потврда за учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи, за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории како и поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска е во тек, комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува накнадно со доказ за измирена обврска за котизација согласно роковите предвидени во ова решение.

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

Комисија за лиценцирање на ФФМ
Претседател,
Александар Најдовски

Доставено до:

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

1102-2219
07-07-15

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајки по барањето на Фудбалски клуб Пелистер, Акционерско друштво Битола, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-22/1 од 13.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб ПЕЛИСТЕР, Акционерско друштво, со седиште на ул. Томаки Димитровски бр. 7 во Битола, со ЕМБС 6806830 и ЕДБ 4002012529055
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ПЕЛИСТЕР** Акционерско друштво Битола
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот:

- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории до 15.07.2015 година.

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето и приложената документација на Фудбалскиот клуб Пелистер за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

